**Известување за концентрација со која Синидиа Солушнс, Мулуз, Франција ќе стекне контрола над Друштво за услуги БИЛИВИО ДОО Скопје, Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-135/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 14.09.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Синидиа Солушнс (Synidia Solutions), со регистрирано седиште на 5 Руе Тхиерс 68100 Мулуз, Франција, има намера да стекне самостојна контрола над Друштво за услуги БИЛИВИО ДОО Скопје (Company for services BEELIVIO DOO Skopje), со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Синидиа Солушнс е зависно друштво на Апаве Групацијата, специјализирано за развој на софтвер за управување со средства на претпријатија (Enterprise Asset Management – EAM), кој им овозможува на корисниците подобро да управуваат со ризиците и опремата.

Синидиа Солушнс е дел од пошироката Синидиа деловна единица на Апаве Групацијата, специјализирана за развој и продажба на софтверски решенија. Понудата на Синидиа е структурирана околу два столба:

- EAM софтверот на Синидиа Солушнс; и
- Синидиа Дигитал: деловна единица која развива целосно приспособени решенија, кои може да бидат унапредени со вештачка интелигенција.

Апаве Групацијата е меѓународна групација со историја од речиси 160 години, специјализирана за управување со технички, човечки, еколошки, дигитални и климатски ризици.

Апаве Групацијата денес има 18.500 вработени, 130 поврзани субјекти во Франција, 170 центри за обука во Франција и во странство, како и повеќе од 20 центри за тестирање и сертификација на опрема.

Апаве Групацијата има меѓународно присуство во речиси 60 земји. Преку обезбедување услуги за инспекција и недеструктивно тестирање (NDT), сертификација, техничка обука, тестирање и мерење, како и консултантски услуги – Апаве Групацијата ги поддржува приватните компании и јавните органи во Франција и на меѓународно ниво.

Апаве Групацијата во моментов остварува заедничка контрола врз БИЛИВИО ДОО Скопје преку своето зависно друштво кое е целосно во нејзина сопственост, кое поседува 51% од уделите во БИЛИВИО ДОО Скопје.

Покрај своето учество во БИЛИВИО ДОО Скопје, Апаве Групацијата ги има следните регистрирани зависни друштва во Северна Македонија:

- Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги АПАВЕ СЕЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.200 – Техничко испитување и анализа;
- Друштво за инженерство, техничко советување, промет и услуги НОЛТЕН СЕРВИЦЕС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.120 – Инженерски дејности и

поврзано техничко советување;
- Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги АПАВЕ РОПЕ АЦЦЕСС ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.200 – Техничко испитување и анализа;
- Друштво за инженерство, техничко советување, промет и услуги ЕТБС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.120 – Инженерски дејности и поврзано техничко советување;
- Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги ААИА-БПВ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Фјодор Достоевски бр. 72, Скопје – Карпош, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност 71.200 – Техничко испитување и анализа.

Деловните активности на овие друштва претежно опфаќаат технички проценки, анализи и консултантски услуги, при што нивниот вкупен промет во целост се остварува преку трансакции во рамки на групацијата и продажба.

БИЛИВИО ДОО Скопје е француско-македонско софтверско друштво кое работи во Македонија од 2018 година и има регистрирана приоритетна дејност: 62.100 – Компјутерско програмирање. БИЛИВИО ДОО Скопје, има докажано искуство во развојот на софтверски решенија за претпријатија, со база на клиенти составена исклучиво од друштва во рамки на Апаве Групацијата.

БИЛИВИО ДОО Скопје нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија или во странство, а сите негови приходи се остваруваат од Апаве Групацијата.

Според подносителот на известувањето за оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар би можел да се дефинира како ***пазар за обезбедување на ИТ услуги.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

18.09.2026 година

Скопје